# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 10 * година IX* 24.07.2014 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, јули 2014 година

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 10/2013), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за определување на финансиски средства за погребни трошоци**

1. Се објавува Одлуката за определување на финансиски средства за погребни трошоци, донесена на осумнаесеттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 23 јули 2014 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број 09-5254/1**
**24.07.2014 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на осумнаесеттата седница, одржана на 23.07. 2014 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување на финансиски средства за погребни трошоци**

**Член 1**

По повод починувањето на Секретарот на Општина Карпош – Владо Поповски, се определуваат финансиски средства на име погребни трошоци кои вклучуваат: гробно место, споменик и трошоци за погребување, во износ од 250.000,00 денари.

**Член 2**

Средствата од член 2 на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на Општина Карпош за 2014 година, Програма ЕО – општинска администрација, ставка 464 – разни трансфери, потставка 464990 – други трансфери.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број 07-5100/2**
**23.07.2014 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
Сашо Лазаровски, с.р.

С О Д Р Ж И Н А

1. Одлука за определување на финансиски средства за погребни трошоци, со Решение за објава

Издавач: Општина Карпош
Уредува: Сектор за правни работи
Адреса: ул.„Радика“ бр.9, бараки бр.1 и бр.2
Тираж: 25 примероци